Годишен Извештај 2019

И З В Е Ш Т А Ј

за работата на ЗАМП во 2019 година

Почитувани,

Во извештајот за работата на Здружението за заштита на авторски музички права - ЗАМП опфатени се сите активности кои се случуваа во календарската 2019 година.

1. Распределба на наплата - финансов сектор

Вкупната наплата во календарската 2019 година изнесува **131.407.018,00 денари** што во однос на 2018 година претставува зголемување од **23.604.601,00 денари** или зголемување од 21,8961**%**.



Наплатата по категории на наплата во 2019 година во споредба со 2018 година изнесува :

Ред. бр.	КАТЕГОРИИ НА НАПЛАТА	НАПЛАТА во 2018 год.	НАПЛАТА во 2019 год.
1	КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА	307.227,00	210.620,00
2	КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА	5.499.044,00	6.973.036,00
3	ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ	10.559.634,00	8.817.573,00
4	ЖИВА МУЗИКА	440.102,00	983.957,00
5	АПАРАТИ ЗА МЕХАНИЧКА МУЗИКА (ЦД плеери, касетофони, радио и ТВ апарати)	27.799.819,00	32.769.525,00
6	КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИО-ТЕЛЕВИЗИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ	13.100.349,00	11.976.999,00
	ВКУПНО (1-6):	**57.706.175,00**	**61.731.710,00**
7	МРТВ	14.768.984,00	21.812.828,00
	ВКУПНО (1-7):	**72.475.159,00**	**83.544.538,00**
8	КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно договори и Правилник со Тариф за музички права)	31.428.441,00	47.453.427,00
9	КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно Генерален линценцен договор и Лиценцен договор до 2016г. за музички права)	3.898.817,00	409.053,00
	СЕ ВКУПНО (1-9):	**107.802.417,00**	**131.407.018,00**

Наплата во 2019 год., споредбено со наплатата во 2018 год., за странски иматели на права

10	КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно Генерален линценцен договор и Лиценцен договор до 2016г. за музички права)	5.260.608,00	565.215,00
11	КАВЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно НОВ Генерален лиценцен договор склучен 2017г)	8.929.364,00	8.407.624,00
	СЕ ВКУПНО (1-11):	**121.992.389,00**	**140.379.857,00**



Наплатата по категории од 1-6 изнесува **61.731.710,00 денари** што во однос на 2018 година претставува зголемување од **4.025.535,00 денари** или изразено во процентуален износ зголемување од **6,9759%.**



Во 2019 година наплатени се вкупно **21.812.828,00 денари** од МРТВ за повеќе години согласно чл. 50 од Статутот на ЗАМП. Наплатата во 2019 година во однос на 2018 година преставува зголемување од **7.043.844,00 денари**, или во процентуален износ од **47,6935%.**



Согласно на погоре искажаното вкупната наплата во категориите од 1-7 изнесува **83.544.538,00 денари** што во однос на минатогодишната наплата во класите од 1-7 преставува зголемување од **11.069.379,00 денари** или зголемалување изразено во процентуален износ од **15,2733%**.



Од кабелските оператори во 2019 година наплатени се **47.862.480,00** денари по основ на музичките права согласно на потпишаниот Договор за реемитување на музички содржини во телевизиски и радио програми со кабелските оператори за периодот 2017-2019 година, Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела како и стариот Генерален лиценцен и Лиценцен договор, на ЗАМП што во однос на наплатата од претходната година претставува зголемување од **12.535.222,00** денари или зголемување изразено во процентуален износ од **35,4831%.**



Согласно потпишаниот Генерален лиценцен Договор со кабелските оператори од страна на странските иматели на права VG Media, RTLи EBU за правата кои тие ги застапуваат наплатени се **8.972.839,00** денари од кои на ЗАМП, како полномошник за вршење на административно-техничките работи во име на странските иматели на права му припаѓа приход од 10% од наплатените парични во износ од 938.189,00 денари. По одбивањето на договорната провизија од наплатените средства согласно ГЛА договорите преостанатите средства од 90% им припаѓаат на странските иматели на права.

Од наплатата од реден број 1-6 во износ од 61.731.710,00 денари е пресметан делот што по тој основ им припаѓа на авторите од 85% во вкупен износ од 52.471.953,00 денари.

Овој износ се зголемува со делот што по овој основ им припаѓа на авторите од МРТВ во износ од 18.540.904,00 денари. Овој фонд се зголемува и со наплатата од кабелски оператори за музички права согласно потпишаниот сервисен договор-ЗАМП и иматели на права, договорите за реемитување на музички содржини како и наплатата согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела во износ од 40.600.295,00 денари, паричните средства вратени во 2019 година по завршување на судските постапки во износ од 3.323.555,00 денари и приходи од камати на орочени

денарски средства за 2019 година во износ од 1.882.047,00 денари, приходи од кабелско реемитување на македонски ТВ канали во странство во износ од 139.042,00 денари, позитивна курсна разлика од девизно работење во износ од 17.336,00 денари, со што вкупната маса на парични средства за распределба за репартиционата 2019 година изнесува 116.975.132,00 денари.

Согласно одобрениот план за инвестициони вложувања во 2019 година потрошени се средства од 4.084.181,00 денари, во кои спаѓаат трошоците за водење на судски постапки (судски такси за започнати судски предмети, трошоци за ЦР, извршители, нотари, вештачења) како и исплатата на ревизорската куќа БДО.

Вкупната маса за распределба за репартиционата 2019 година по сите основи изнесува 112.890.951,00 денари што во однос на 2018 година на износ од 90.819.830,00 денари преставува зголемување од 22.071.121,00 денари или изразено во проценти зголемување од 24,3020%



Согласно склучените билатерални договори со странски авторски друштва, ЗАМП има добиено парични средства во износ од 3.124.740,00 денари од : ACUM-Израел, ARTISJUS-Унгарија, APRA-Австралија, BMI-САД, BUMA-Холандија, GEMA-Германија, SOKOJ-Србија, JASRAC-Јапонија, SUISA-Швајцарија, SOCAN-Канада, UCMR ADA – Романија, SGAE-Шпанија, PRS-Англија, AMUS-Босна и Херцеговина, MUSICAUTOR-Бугарија, TEOSTO-Финска, OSA-Чешка, IMRO-Ирска, SPA-Португалија и SAZAS-Словенија, а исплатени се кон странските авторски друштва KODA-Данска, MUSICAUTOR-Бугарија, JASRAC-Јапонија, OSA-Чешка, APRA-Австралија, SPA-Португалија, SADAIC-Аргентина, SOCAN-Канада, UBC-Бразил, UCMR ADA-Романија, MESAM-Турција, PRS-Англија, AMUS-Босна и Херцеговина, BMI-Америка, SUISA-Швајцарија, HDS ZAMP-Хрватска, SOKOJ-Србија, SAZAS-Словенија, STIM-Шведска, BUMA-Холандија, IMRO-Ирска, SIAE-Италија, AKM-Австрија, ARTISJUS-Унгарија, RAO-Русија, SGAE-Шпанија и TEOSTO-Финска износ од 19.703.066,00 денари.

Согласно Генеталниот лиценцен договор за кабелско реемитување во 2019 година наплатени се надоместоците за странските иматели на права членките на EBU координацијата, RTL и VG MEDIA во износ од 8.288.989,00 денари и истите ќе бидат предмет на исплата во 2020 година.

Исплатени се обврските за претходните години према имателите на права и тоа: RTS-Србија, RTSI-Словенија, RTCG-Црна Гора, HRT-Хрватска, ARTE-Франција, TVFrance-Франција, TVE-Шпанија и RAI-Италија (како членки на ЕБУ) и VG MEDIA во вкупен износ од 9.227.081,00 денари.

Вкупните приходи на ЗАМП по категории на наплата по основ на законски одобрената провизија од 15% и процентот за покривањето на трошоците во работењето од наплатата од кабелските оператори согласно сервисниот договор изнесуваат 20.634.628,00 денари, а вкупните расходи направени во работењето за 2019 година (означени со реден број 1-33) изнесуваат 20.266.032,00 денари.

2.Сектор за перцепција

Согласно законот за авторското право и сродните права, ЗАМП надоместоците за користење на делата првенствено ги утврдуваше со договори со соодветните здруженија на корисници, односно нивните комори кои претставуваат мнозинство корисници од определена дејност или збир на дејности.

Доколку авторскиот надоместок, ЗАМП не можеше да го определи со договор (општ или поединечен) со корисниците, висината на авторскиот надоместок се пресметуваше согласно Правилник со Тарифа за користење на авторски музички дела.

Правилникот со Тарифа ги определува условите под кои корисниците (правни или физички лица) можат јавно да соопштуваат, односно објавуваат музички дела што ги штити ЗАМП на територијата на РМ.

Како и секоја година така и во тековното работење во 2019 година, ЗАМП се соочуваше со неисполнување на обврските од страна на определен број на корисници, кои и покрај нашите опомени за неисплатени обврски кои им се доставуваа и по неколку пати, покажуваа крајна непослушност, па согласно на тоа бевме принудени авторскиот надоместок да го побаруваме во судски постапки.

Согласно обезбедените докази во 2019 година беа поднесени 262 Предлози за донесување решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа до овластени Нотари во РМ, а согласно на подрачјето и надлежностите на Апелационите судови во РМ, и тоа:

На подрачјето на **Апелациониот суд во Скопје** има поднесено 115 предмети, за подрачјето на основните судови: Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Основен граѓански суд Скопје.

На подрачјето на **Апелациониот суд во Штип** има поднесено 13 предмети, за подрачјето на основните судови Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

На подрачјето на **Апелациониот суд во Битола** има поднесено 66 предмети, за подрачјето на основните судови Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга.

На подрачјето на **Апелациониот суд во Гостивар** има поднесено 68 предмети, за подрачјето на основните судови Гостивар, Тетово, Кичево и Дебар.

Предлози за донесување решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа до овластени Нотари се поднесени во 2019 година за следните корисници и тоа: организатори на концертна дејност, кабелски оператори, трговски

радиодифузни друштва (радиа и телевизии), угостителски објекти (Хотели, ресторани, пицерии, слаткарници и кафе-барови), продажни центри и други деловни простори.

На име судски такси, Централен регистер на РМ, адвокати, нотари, вештачења и извршители потрошени се 3.939.053,00 денари од кои еден дел се вратени во 2019 година по завршување на постапките во износ од 3.323.555,00 денари.

3.Сектор за репертицијa

Од почетокот на работната 2019 година се работеше на завршувањето на поставените работни задачи во секторот, како и на подобрување на тековното работење поврзано со севкупниот информатички систем.

Со завршување на процесот на внес на дела од програмите доставени од корисниците и документациската работа, се ажурираше и оптимизираше базата на податоци, се направија неопходните измени во скриптовите и се направија сите останати подготовки за годишната пресметка. Согласно Законот за авторското право и сродните права беше извршена пресметката за репартиционата 2018 година во која беа опфатени 2793 домашни автори, а воедно беше реализирана и пресметката за странските здруженија со кои ЗАМП има склучено билатерални договори .

Секторот за репартиција во тековната година изврши и пресметка за домашните автори чии дела биле изведени во странство и за чии изведби биле наплатени авторските надоместоци. Во октомври 2019 година беа реализирани исплатите кон домашните автори согласно договорите за реципроцитет од следните авторски здруженија: ACUM-Израел, APRA-Австралија, ARTISJUS-Унгарија, BMI-САД, GEMA-Германија, IMRO-Ирска, JASRAC-Јапонија, LATGA-Литванија, MUSICAUTOR-Бугарија, PAM-Црна Гора, PRS-Англија, RAO-Русија, SAZAS-Словенија, SOCAN-Канада, SOKOJ-Србија, СПА-Португалија, SUISA-Швајцарија и UCMR ADA–Романија.

Секторот за репартиција во текот на целата 2019 година ги следеше новите трендови на полето на репартицијата и работеше на процесите за што поголема автоматизација во работењето. Изработените софтверски решенија кои овозможуваат да се испраќаат и да се примаат извештаите од и за странските авторски здруженија во електронскиот формат E4 и CRD беа во употреба и активно се користеа. Беше изготвена и севкупната документација од базите на податоци со нејзино дополнување и ажурирање. За програмите на емитувани дела на корисниците беше користен Batch- внес на податоци во рамките на постоечката апликација -Сазек, со што голем дел од процесот на внес беше автоматизиран и резултираше со значително намалување на времето за извршување на споменатите процеси и значителна заштеда во работењето. Беа преземени сите мерки за одржување на оперативните системи, системот на управување со базите на податоци и апликативниот софтвер, а тековно беа извршувани и редовните back-up процедури. Како

нови проектни решенија беа направени план за виртуелизација и надградба на постоечкиот информатички систем и воведување на нова апликација за евиденција. Со започнување на работата на полето на дигиталните сервиси се работеше на изготвување на потребната документација.

Од 04-05 Април 2019 година во Ница (Франција) се одржа годишниот Деловен Техничкиот Комитет (BTC). На комитетот беа презентирани новините и глобалните приоритети на CISAC, а како точки на дневниот ред беа наведени: степенот на имплементација на Binding резолуцијата и Деловните правила, преглед на правилата и праксата за неидентификувани дела, начинот на работа со мешани дела и останатите активности на работните групи.

За одржување на севкупната безбедност во компјутерската мрежата на ЗАМП беше обновена лиценцата на огнениот ѕид Cisco Meraki, а во континуитет се следеа работата и извештаите на антивирусниот програм Symantec Endpoint Protection.

Во текот на целата година се работеше на ажурирање, дополнување и збогатување на содржините на официјалната веб страна на ЗАМП. При крајот на 2019 година, беше започнат процесот за воведување на нов модул за пребарувач на веб страната со што се планира официјално објавување на репертоарот на ЗАМП.

4.Сектор за документација и меѓународна соработка

Собирајќи ги впечатоците, активностите и резултатите на Секторот за документација доаѓаме до констатација дека домашните автори во изминатата година биле многу поактивни од претходните години. Имено, бројот на пријавените дела доставени во ЗАМП се зголеми за повеќе од 100%, односно во текот на 2019 година се примени 4051 пријава на дело, во споредба со 1893 пријави во 2018 година. ЗАМП регистрираше 130 нови членови, автори и носители на авторски права кои потпишале договори, односно пристапиле кон ЗАМП.

Мора да напоменеме дека единствениот начин да се спроведе прецизна распределба на авторските надоместоци е валидната документација. Истата се разменува на меѓународно ниво, преку едитирање на нашите податоци во светската база на автори IPI листа и светската база на дела CIS-Net, кон кои ЗАМП пристапува директно (on-line).

Од активностите на Секторот за меѓународна соработка издвојуваме:

1. ***Соработка со странските авторски друштва***

Веќе 20 години ЗАМП успешно работи на взаемното претставување на авторите со странските сестрински авторски друштва. Оваа година на листата од 53 билатерални договори за мали права и 16 договори за механички права.

2. ***Европскиот комитет на CISAC, Берлин (10-11 април 2019)***

Германското здружение GEMA, по повод 90 години од своето постоење, беше домаќин на Европскиот комитет на CISAC. На состанокот присуствуваа над 120 претставници од 63 друштва членки на CISAC. Во својство на набљудувачи активно учество земаа и високи функционери на сестринските авторски друштва од САД (ASCAP, BMI), Канада (SOCAN) и Јапонија (JASRAC).

Честа да ја отвори оваа манифестација ја имаше Комесарот на ЕУ, Јоханес Хан, кој со видео-порака која ја пофали Директивата за авторски права, како за колективното оставрување, така и за дигиталните платформи, како модели што треба да ги следи целиот свет.

Директивата за колективно остварување на авторските права на ЕУ, нејзината имплеметација и практична примена беше високо на дневениот ред. Секако и информацијата во врска со новата Директива за дигиталните платформи, која по усвојувањето во Европскиот парламент е во фаза на усвојување и во земјите членки беше проследена со голем интерес.

Правилно лиценцирање на онлајн правата, подобрување на ефикасноста на работењето на друштвата и прилагодување кон новата технологија, како и актуелните предизвици кои влијаат на колективното управување беше тема на Панел дискусијата на која разговараа директори на друштва кои штитат различни репертоари.

Иднината на радиодифузното емитување како главен извор на приход од колективните организации беше дискутирана во аспект на проширување на SVOD услугите.

Амазон ја претстави својата музичка услуга.

Жените во CISAC презентираа проект за собирање податоци за застапеноста на жените меѓу членството во друштвата, како и членови на органите на управување.

3. ***Регионални средби***

20 –та Регионална средба, одржана на 27.03.2019 г. на Палиќ

На состанокот присуствуваа: Ненад Марчец, Даворин Пенц, Смиљана Клајн Третињак и Јаница Новачич Бошњак - ХДС ЗАМП; Зоран Васковски - ЗАМП; Борис Гијановиќ - ПАМ ЦГ; Алеш Козина - САЗАС; Дејан Манојловиќ, Јован Милошевиќ, Драгана Докиќ, Сречко Барбариќ - СОКОЈ.

На состанокот не присуствуваа претставници на АМУС.

Присутните работеа по следниот Дневен ред

1. Воведен говор и одобрување на записникот од состанокот од Блед (02.10.2018 година.)

2. Тековни настани во регионот - извештаи од компанијата

- спроведување на Директивата на ЕУ

- Искуство со независни субјекти за управување

3. Предлог за создавање на заедничка база за центри и мрежи за лиценцирање преку Интернет

4. Извештај на работната група за усогласување на правилата за дистрибуција:

- Усогласување на правилата за дистрибуција

- Статус на реципрочно постигнување на дело

5. Заклучок и договор за одржување на следниот состанок

Регионална средба во Сплит 22-23 Октомври 2019

Овој извештај го делиме во два дела:

- Извештај од Регионалниот семинар на соработката на колективните организации со соодветните надлежни институции – 22 Октомври 2019
- Извештај од 21-та Регионална средба – 23 Октомври 2019

1. Извештај од Регионалниот семинар на соработката на колективните организации со соодветните надлежни институции – 22 Октомври 2019

Согласно иницијативата на CISAC да се подигне нивото на соработка помеѓу колективните организации во регионот и нивните надлежни институции во коорганизација на CISAC и HDS-ZAMP се одржа втората средба од ваков карактер. На семинарот учествуваа 18 претставници од 10 колективни организации од регионот (AIPA – аудиовизуелни права Словенија, AKM - авторски музички права Австрија, ALBAUTOR – авторски музички права Албанија, AMUS - авторски музички права Босна и Херцеговина, DHFR - аудиовизуелни права Хрватска, HDS-ZAMP - авторски музички права Хрватска, PAM CG - авторски музички права Црна Гора, SAZAS - авторски музички права Словенија, SOKOJ - авторски музички права Србија, ZAMP Македонија, ZAMP Словенија – литературни права Словенија), 9 претставници на надлежните институции од Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Словенија и Хрватска, проф. Романа Матановац и Митко Чаталбашев -Директор за Европа на CISAC.

2. Извештај од 21-та Регионална средба – 23 Октомври 2019

На состанокот присуствуваа: Ненад Марчец, Даворин Пенц, Јаница Новачиќ Бошњак – ХДС-ЗАМП, Алеш Козина, Ана Вртник – САЗАС, Дејан Манојловиќ, Јован Милошевиќ, Сречко Барбариќ – СОКОЈ, Василије Раичевиќ – ПАМ, Нина Ивановска, Антонета Токовска Котевска – ЗАМП

Ненад Марчец, како домаќин на средбата го истакна задоволството од успешниот состанок одржан претходниот ден со претставниците на регулаторните тела од регионот. Констатиравме дека темите беа многу актуелни и одлично презентирани.

ПАМ сподели загриженост од новите законски решенија со кои се укинува солидарната одговорност. Оваа досегашна одредба допринела многу да се подигне свеста на организаторите на концерти во Црна Гора, кои биле едни од најголемите неплаќачи на авторските права.

ЗАМП даде краток извештај за состојбите кај нас, во врска со Законот за авторското право, корисниците.

ХДС-ЗАМП ја истакна активноста во врска со промена на тарифите за приватното копирање. За таа цел задолжен е Економскиот институт во Загреб да изготви економска студија, која им е потреба да ги почнат преговорите со корисниците. Во тек е и изготвување на еконска студија за концертите и живите изведби.

САЗАС од своите активности издвои дека е во тек формирање на Сојуз на колективните организации во Словенија за заедничко настапување за регулирање на правата од приватно копирање, кое уште не функционира во Словенија.

СОКОЈ нé информираше дека во Србија донесен е нов Закон за авторското право и сродните права, со имплементација на многу мал дел од Директивата за колективно управување на авторските и сродните права (CRM). Главна новина во измените е укинувањето на обединетата наплата.

Сречко Барбариќ даде извештај од работната група за мешани дела и заеднички hub.

Мешаните дела од ниво на регионална работна група се префтрлува на ниво на работна група на CISAC, кој многу се заинтересира по ова прашање и го стави на агендата на Техничкиот комитет за дистрибуција.

Потребата на друштвата да бидат побрзи и поточни во протокот на информации за делата на авторите не води кон идејата да поставиме свој чвор и да го премостиме WID како порта кон CIS-Net. Сето ова треба да се администрира, да се најдат добри софтверски решенија и секако персонал. Сречко ја прифати задачата да направи подетална спецификација, како за почеток, за изготвување на софтверско решение и врз таа спецификација ќе се побараат понуди од целиот регион.

4. Годишен семинар во Будимпешта

Под мотото "***Односите со членството како столб за ефикасност и транспарентност на Здруженијата за колективно управување***" во Будимпешта на ден 27-28 Ноември 2019

година се одржа Годишниот Семинар наменет за Здруженијата од Централна и Источна Европа. Главната цел за организирање Семинар на оваа тема беше намерата да се утврдат клучните аспекти во односите на Здруженијата со своите членови, обрнувајќи внимание на најразличните права кои ги уживаат носителите на права како членови на одредено Здружение: стандардите за транспарентност во однос на информациите поврзани со финансиите и дистрибуцијата, како и целосното функционирање на колективната организација, програми за поддршка на членството, начините на управување, гласање итн. На семинарот учествуваа Здруженија, членки на CISAC, кои застапуваат различни репертоари. Семинарот беше посетен од 73 претставници на Здруженија за колективна заштита (ABYROY Казахстан, ACUM Израел, SAZAS и AIPA Словенија, AKKA/LAA Латвија, ARTISJUS Унгарија, ARMAUTHOR Ерменија, HDS ZAMP Хрватска, MESAM и MSG Турција, LITA и SOZA Словачка, MUSICAUTIR Бугарија, OSA Чешка, RAO Русија, UCMR ADA Романија, ZAIKS и ZAPA Полска, PRS for Music Велика Британија, KODA Данска, BMI USA, Претставник за Источна Европа и др.), како и претставници од различни институции и проекти (Романа Матановац Вучковиќ од Хрватска, Универзитетски професор на Правен Факултет Загреб, проект INTO SCHOOL Финска, Schubert Music Полска и др.) кои ја збогатија Агендата на Семинарот со доста интересни и корисни презентации во врска со унапредување на односите на колективните Организации со своите членови. Претставници на ЗАМП на овој семинар беа Весна Стерјовска и Антонета Токовска Котевска, од Секоторот за документација и меѓународна соработка.

5. ***Дигитални сервиси***

Согласно Договорот за застапување на репертоарот помеѓу ЗАМП и СОКОЈ склучен на 12.03.2019 година ЗАМП го овласти СОКОЈ во наше име и за наша сметка да го застапува репертоарот на ЗАМП во колективното оставрување на правата од јавно соопштување на дигиталните платформи. Согласно овој договор, потпишан е нов договор со Youtube, Apple Music, а во финална фаза е потпишувањето на договорите со Facebook и Spotify.

ЗАМП
в.д. Директор
Нина Ивановска

Здружение за заштита на авторски
музички права

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов бр. 28
1000 Скопје
Р. С. Македонија
тел/факс: **+389 2 312 2301**
e-mail: **zamp@zamp.com.mk**
info@zamp.com.mk